**20252064092**

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 125 став (5) од Законот за безбедност на храната (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ХРАНАТА, ПРЕДМЕТИ, СРЕДСТВА, ПРОИЗВОДИ, ЖИВОТНИ, КАКО И МИНИМАЛНАТА ВИСИНА НА ВРЕДНОСТА НА ОДЗЕМЕНИТЕ ХРАНА, ПРЕДМЕТИ, СРЕДСТВА, ПРОИЗВОДИ, РАСТЕНИЈА И ЖИВОТНИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за привремено одземање на храната, предмети, средства, производи, животни, како и минималната висина на вредноста на одземените храна, предмети, средства, производи, растенија и животни кои се предмет на продажба.

Член 2

Образецот на потврдата од член 1 на овој правилник се печати на хартија со А4 формат, во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Минималната висина на вредноста на одземените храна, предмети, средства, производи, растенија и животни кои се предмет на продажба е за 30 % помала од нивната просечна големо продажна цена на пазарот објавена на веб страната на земјоделско пазарниот информационен систем на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-2885/3
3 октомври 2025 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

**Прилог**

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство
Сектор за инспекциски надзор
бр. __________ од ___ . ____ . 20 ____ година

Врз основа на член 125 став (2) од Законот за безбедност на храната (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 209/23) на ______________________ се издава

**ПОТВРДА**
**ЗА ОДЗЕМЕНИ ХРАНА, ПРЕДМЕТИ, СРЕДСТВА, ПРОИЗВОДИ, РАСТЕНИЈА, ЖИВОТНИ И ДОКУМЕНТИ**

На ден ____ . _____. 20__ година во ________ час., во _________ од лицето ______________________________ роден-а ____________ година во _________ со живеалиште/седиште во _______________ на ул. „___________________________________“, официјалниот ветеринар/државен инспектор за храна ____________________________ привремено ги одзеде следните предмети:

| Реден број | Назив на храна, предмети, средства, производи, растенија, животни и документи | Број на пакување | Единечна мерка на пакување | Вкупна количина |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Заклучно со реден број _____ со букви ____________________________ горенаведените храна, предмети, средства, производи, растенија, животни и документи привремено се одземаат и се предмет на прекршок по Законот за безбедност на храната (*) и Законот за ________________________________________________ и истите се предаваат на Комисијата за одземени храна, предмети, средства, производи, растенија, животни и документи при Агенцијата за храна и ветеринарство, на Агенцијата за управување со одземен имот или на Основниот суд ____________________________.

**Храната, предметите, средствата, производите, растенијата, животните и документите се привремено одземени од:**
Име и презиме: __________________________
Лична карта бр. _________________________
МБГ ___________________________________

**Предметите ги одзел:**
Официјален ветеринар/Државен инспектор за храна

_________________________________